# ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ ЗА ОБУКА (TRAINING NEEDS ASSESSMENT) ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Опсервации за потребата од дизајнирање на обуки за борба против корупцијата*

*Овој документ е подготвен од Транспаренси Интернешнл - Македонија со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*

Корупцијата како општествено-патолошка појава наметнува потреба од еден комплетен, институционален одговор од страна на секоја современа држава. Со цел таа борба да биде ефикасна, ефективна и соодветна, постои потреба да се зајакнат капацитетите на сите институции и кадрите кои работат во нив, а кои во доменот на своите работни надлежности ги истражуваат и ги гонат различните форми на корупција или потенцијална корупција.

Солидната стручна подготвеност, техниките и умешностите на лицата кои се ангажирани во борбата против корупцијата, како и доброто познавање на правните и други системски можности за превенција, детекција или спречување на оваа појава треба да се формира низ еден заокружен и осмислен систем на едукација. Таквата обука има за задача да ја познава институционалната и законска рамка која се однесува на корупцијата, да ги препознае, опфати и обработи сите можни аспекти на зачестеното појавување на коруптивни случаи во државата, да се разбере нивниот пристап и природа и начинот односно постапките преку кои надлежните се справуваат со нив.

Обуките за борба против корупцијата се очекува да бидат најефективни кога се реализираат врз целни групи на лица кои веќе работат во оваа област, односно потребно е овие лица континуирано да учат и да се стекнуваат со нови знаења и умешности. Од аспект на целните групи на Академијата за судии и јавни обвинители, особено треба да бидат опфатени судиите кои работат на кривичната материја, обвинителите-особено оние кои работат во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и стручните соработници кои работат на оваа материја. Ова е особено важно заради унапредување на судската заштита против корупцијата преку редовните судови. Секако дека можат да се вклучи и друг судско-обвинителски кадар со оглед на тоа дека дел од кривичните постапки би можеле да имаат и дел кој се решава во граѓанска постапка.

Според природата на самата зацртана стратешка цел, иманентен е интередисциплинарниот пристап како по однос на материјалот за обука така и според професионалната профилација на корисниците на обуката, кои можат да доаѓаат од сите институции релевантни за темата, но и граѓански организации чија организациона мисија е борбата против корупцијата. Мешовитите групи на учесници од различна професионална вокација овозможуваат квалитетна размена на мислења и искуства за случаите на корупција, при што тие истовремено учат и едни од други. Академијата за судии и јавни обвинители и покрај што главната целна група-корисници на обуките кои таа ги организира се судиите, обвинителите и лицата кои работат во правосудството, сепак овој интедисциплинарен пристап го применува при обуката на различни теми, вклучително и оваа за спречување на корупцијата.

При дизајнирањето, модулите за обука е потребно да бидат креирани како за одвивање на обуката со лично присуство, така и во форма на е-учење (e-learning). Причина за овој став е искуството при работењето на институцијата во услови на пандемија со Ковид-19, каде со цел да се остварат планираните едукативни активности, тие се префрлија online и на тој начин се совладаа и применија нови едукативни пристапи и методи за да

се надмине проблемот во комуникацијата преку употреба на овие технички можности. Придобивките стекнати со овој нов пристап би требале да се користат и понатаму, за идни целни групи кои би можеле да се обучуваат дополнително и со хибриден пристап или комплетно online.

*Методологија на изготвување на проценката на потребите за обука*

Академијата за судии и јавни обвинители има нормативно уреден консултативен процес кој се одвива редовно при подготовката на програмата за работа и каталозите за обуки на шестмесечно, годишно и двогодишно ниво. Сугестии за потребите за обука врз база на барање од Академијата даваат Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, судовите и јавните обвинителства и Министерството за правда. Дополнително, се земаат предвид и сугестиите на корисниците на обуките при пополнување на евалуационите листови на крајот на секоја обука, како и предлозите на партнерите на Академијата, домашни и странски, вклучително и граѓанските организации активни во правната област. Предлог-темите се утврдуваат од Програмскиот совет, а потоа се усвојуваат од Управниот одбор.

При проценката на потребите за обука по однос на темата "Јакнење на капацитетите на институциите во борбата против корупцијата" земени се предвид евалуационите резултати и ставовите на учесниците на обуките кои беа околу двесте. При изготвувањето на модулите, предвид ќе се земат и одреден број на релевантни стратешки документи донесени од Република Северна Македонија, кои ги опфаќаат планираните државни политики во оваа област, како стратегиите за финансиски истраги, Стратегијата за борба против корупцијата, Стратегијата за реформи во правосудството и други.

Дополнителни методолошки алатки за прибирање на информации за потребите на обука кои можат да се користат се:

- Претходно пополнети прашалници од страна на учесниците на обуката за очекувањата и потребите од неа
- Продлабочени интервјуа на лица кои работат во релевантните институции
- Фокус групи
- Наменски истражувања на оваа тема реализирани од страна на Академијата[1]
- Анкети за осознавање на перцепцијата на граѓаните за корупцијата во државата (области во кои се јавува, форми, инциденција и сл.)

Обуката за борба против корупцијата ќе опфаќа повеќе модули кои ќе претставуваат една едукативна целина и ќе целат кон заокружени сознанија за оваа појава, почнувајќи

[1] Пример е истражувањето: Академија за судии и обвинители "Павел Шатев"-анализа на актуелното позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, ОБСЕ Скопје, 2020 година

од основното поимање, преку меѓународните принципи, домашното законодавство и практичните политики применети против овој феномен.

**Модул 1**
*Преглед на меѓународните документи за борба против корупцијата*

АНЕКС 1 за користени материјали:
Конвенцијата на ООН против корупција (2003) (ратификувана 2007)
Совет на Европа, Казнена конвенција за корупција (1999) (ратификувана 2002)
Совет на Европа, Граѓанска конвенција за спречување на корупција (1999) (ратификувана 2003)
Совет на Европа Група на држави против корупција (ГРЕКО) https://www.coe.int/en/web/greco/about-greco/what-is-greco
Совет на Европа Единицата за економски криминал и соработка https://www.coe.int/en/web/corruption/home
Бангалор принципи на однесување на судиите (2002) Со придружен коментар од United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), од 2007
Консултативен совет на судиите на Европа (CCJE) - Магна Карта за судиите, Стразбур 17 ноември 2010 https://www.coe.int/en/web/ccje
Консултативен совет на Европски обвинители (CCPE) https://www.coe.int/en/web/ccpe
Здружение на судии на Република Северна Македонија Кодекс на судиска етика http://www.mja.org.mk/Default.aspx?id=c2f58fe6-3965-4c1c-87ba-522b742c7fe1
Здружение на јавните обвинители на Република Северна Македонија Етички кодекс https://zjorm.org.mk/documentstax/kodeks/

**Модул 2**
*Домашна правна рамка за борба против корупцијата*

АНЕКС 2 за користени материјали:
Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Службен весник на Република Македонија 12/2019
Кривичен законик (пречистен текст 2020) https://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf
Закон за кривична постапка (пречистен текст) https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_postapka_150_18112010-2.pdf
Закон за заштита на укажувачите, (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18) пречистен текст https://unite.edu.mk/wp-content/uploads/2018/10/Zakon-za-zastita-na-ukazuvaci-precisten-tekst.pdf
Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.120/2018
Закон за судовите "Службен весник на Република Северна Македонија" бр 58/06 и 96/19
Закон за јавното обвинителство "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20
Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 98/08, со измени и дополнувања до 2018 година)
Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025

Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам, Република Македонија, септември 2017
Алатки и најдобри практики во меѓународната соработка за враќање на имот, Прирачник, РАИ/АИРЕ 2019 https://archive.rai-see.org/wp-content/uploads/2020/02/Handbook-int-coop-MK-web.pdf
Прирачник за ефективно одземање на имотна корист од кривично дело во согласност со европските и меѓународните стандарди РАИ/АИРЕ 2020 http://www.rai-see.org/php_sets/uploads/2020/02/Handbook-asset_recovery_mak.pdf

**Модул 3**
*Улогата и работата на ДКСК во борбата против корупцијата*

АНЕКС 3 за користени материјали:
Модел-претставки од граѓани или информатори за вежба при постапување на ДКСК
Закони наведени во Модул 2
Извештаи на ДКСК

**Модул 4**
*Улогата и работата на ДЗР во борбата против корупцијата*
АНЕКС 4 за користени материјали:
Модел-претставки од граѓани или информатори за вежба при постапување на ДЗР
Закон за државна ревизија – пречистен текст (01.2020) - („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) https://dzr.mk/sites/default/files/2020-01/Zakon_drzavna_revizija_precisten_tekst_2020.pdf
Закони наведени во Модул 2
Извештаи на ДЗР и извештаи за политичките партии

**Модул 5**
*Финансирање на политичките партии и финансирање на изборни кампањи*

АНЕКС 5 за користени материјали:
Закон за финансирање на политичките партии (консолидиран текст) http://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_finansiranje_politicki_partii.pdf
Изборен законик (консолидиран текст) https://aa.mk/WBStorage/Files/izboren_zakonik.pdf
Закони наведени во Модул 2

*Дополнителни закони и поздаконски акти и други релевантни документи*

- Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.120/2018
- Указ за прогласување на Законот за ратификација на дополнителниот протокол за казнената конвенција за корупција, 13.09.2005 година
- Резолуција за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија Бр.07-3796/1 14.10.2005 година
- Указ за прогласување на Законот за ратификација на Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, Бр.07-3438/1, 2 септември 1999 година

- Упатство за вршење на проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам за субјектите под надзор на Комисијата за хартии од вредност на РМ, Комисија за хартии од вредност на Република Македонија, Службен весник на РМ бр.40/2019
- Одлука за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам , Службен весник на РМ бр.97/2019
- Правилник за утврдување на листа на држави кои не ги имплементирале или недоволно ги имплементирале мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр. 2/2011, со измена и дополна
- Правилник за формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.129/2011
- Правилник за формата и содржината на извештајот за сомневањата за перење пари и/или финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.57/2019
- Одлука за методологијата за управување со ризикот од перење пари и финансирање тероризам, Службен весник на РМ 78/2018, измени и дополнувања 241/2018
- Одлука за давање согласност на решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за финансии-Управа за спречување на перење пари и финансирање на териризам, Службен весник на РМ бр.44/2012
- MONEYVAL Report on Fourth Assessment Visit – Executive Summary, Anti-Money Laundering and Combating the Financing of Terrorism, “The Former Yugoslav Republic of Macedonia” 3 April 2014
- DIRECTIVE (EU) 2015/849 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 20 May 2015 on the prevention of the use of the financial system for the purposes of money laundering or terrorist financing, amending Regulation (EU) No 648/2012 of the European Parliament and of the Council, and repealing Directive 2005/60/EC of the European Parliament and of the Council and Commission Directive 2006/70/EC
- DIRECTIVE (EU) 2018/843 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 30 May 2018 amending Directive (EU) 2015/849 on the prevention of the use of the financial system for the purposes of money laundering or terrorist financing, and amending Directives 2009/138/EC and 2013/36/EU

**Табели на потребите од обуки за Академијата за судии и јавни обвинители**

**Табела 1: Потреби за обука на кандидати за судии и јавни обвинители**

| Категорија на слушатели | Потреба од обука | Наслов на обуката | Опис | Постоечка обука | Достапност | Обезбедено од академијата | Потребно дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кандидати за судии и обвинители** | Почетна | Меѓународни принципи и стандарди за борба против корупцијата | Преглед на Конвенцијата на ООН против корупција (2003)<br>Преглед на правните акти на Советот на Европа и на ЕУ против корупцијата<br>Улогата на ГРЕКО во борбата против корупцијата (документи, извештаи, препораки за антикорупциски политики)<br>Етичко однесување на судиите и обвинителите усогласено со домашните Кодекси, Бенгалор принципите на однесување на судиите, препораките на Консултативниот совет на судиите на Европа (CCJE) и други тела<br>Едукативни алатки кои ќе се употребат: презентација на главните елементи во меѓународните документи, дискусија за домашните состојби наспрема прокламираните принципи | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за меѓунардоните принципи и стандарди за борба против корупцијата (предлог-материјали за користење види АНЕКС 1) |
| | Почетна | Воведен осврт на домашната правна рамка за борба против корупцијата | Домашна правна рамка за борба против корупцијата (генерален приказ)<br>Институции за борба против корупцијата-приказ на целиот систем (Државна комисија за борба против корупцијата, Управа за финансиско разузнавање, Финансиска полиција, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Јавното обвинителство со посебен нагласок на ОЈО за гонење на организиран криминал и | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно | Екстерно и експерти | Да се изготви модул за домашната правна рамка за борба против корупцијата (предлог-материјали за користење види во АНЕКС 2) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | корупција, судовите и најновиот-Заменик-претседател на владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот)<br>Преглед на одредбите во Кривичниот законик во врска со корупцијата<br>Едукативни алатки кои ќе се употребат: презентација на главните елементи во меѓународните документи, дискусија за домашните состојби наспрема прокламираните принципи | | | | |
| | Почетна | Улогата и работата на ДКСК во борбата против корупцијата | Структура и начин на работа на ДКСК; Разглед на стандардните процедури на ДКСК и начин на постапување според нејзината надлежност; Метод на проследување на предметите во кои ДКСК изразува сомнеж за корупција до другите надлежни институции и ЈО (анализа на студии на случај, вежби за детектирање на недоследности во пријавувањето на имотната состојба на избрани и именувани лица, разгледување на јавни набавки, вежби за постапување по претставки од граѓани, вежби за работа со укажувачи и др.; работа во групи) | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК | Да се изготви модул за работата на ДКСК (предлог-материјали види АНЕКС 3) |
| | Почетна | Улогата и работата на УЈП, ДЗР и УФР во борбата против корупцијата | Генерален институционален преглед на УЈП, ДЗР и УФР, нивните надлежности и начин на работа | минимално | Екстерно | Екстерно/експерти | Да се изготви модул за наведените институции и нивната работа |
| | Почетна (за судии) | Судијска етика | Етичко постапување на судијата; основни принципи и вредности; права и обврски на судијата од етички аспект; дисциплинска одговорност; меѓународни и домашни | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно | Екстерно/експерти | Да се изготви модул за судиска етика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | правни извори; (практични примери и вежби) | | | | |
| | Почетна (за обвинители) | Обвинителска етика | Етичко постапување на обвинителот; основни принципи и вредности; права и обврски на обвинителот од етички аспект; дисциплинска одговорност; меѓународни и домашни правни извори | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно | Екстерно/експерти | Да се изготви модул за обвинителска етика |
| | | Домашна правна регулатива поврзана со конфликт на интереси | Разработка на темата судир на интереси според Закон за спречување на корупцијата (основен текст и измени)<br>Кривичен законик<br>Закон за судовите<br>Закон за јавно обвинителство | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК | Да се изготви модул за судир на интереси |
| | Почетна | Откривање и санкционирање на судир на интереси | Работа на случаи на основа на праксата на ДКСК, решени предмети, пракса | Постои потреба од проширување на едукативниот опфат | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за судир на интереси |
| | Почетна | Закон за заштита на укажувачите | Закон за заштита на укажувачите: имплементација, отворени предмети и заштита на укажувачите<br><br>Третман на укажувачите во постапките во ДКСК<br>Улогата на судовите во примена на Законот за заштита на укажувачите<br>Разликата помеѓу укажувач и информатор | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за заштита на укажувачите |
| | Почетна | Значењето на ревизорските извештаи во борбата против корупцијата | Законска поставеност на ревизијата, Структура на ревизорски извештаи, Доставување на извештаите до ЈО и ДКСК,<br>Постапување по извештаите од ДЗР - Аналитичко читање и анализа на ревизорските извештаи<br>Анализа на правната рамка поврзана со јавните финансии<br>Незаконски дејствија поврзани со корупција кои се | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија (предлог-материјали во АНЕКС 4) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | откриваат преку извештаите на ДЗР<br>Случаи и практики на откривање<br>Случаи и практика на постапување<br>Случаи и практика на санкционирање на коруптивно однесување | | | | |
| | Почетна | Буџет и јавни набавки | Објаснување на постапките за планирање на буџет и спроведување на јавните набавки | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија |
| | Почетна | Добри практики за откривање на неправилности и корупција во јавните финансии преку ревизорските извештаи | Анализа на случај/и<br>Научени лекции<br>Комуникација со други институции за добивање и размена на информации | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија |
| | Почетна | Процедури за отворање предмети засновани на неправилности и корупција откриени преку ревизорските извештаи | Статистика - Колку предмети се отворени во ДКСК во периодот 2019-2020.<br>Како се води статистиката<br>Дали постои усвоена процедура<br>Колку предмети се отворени во ЈО во 2019 2020<br>Како се остварува Соработка помеѓу ДЗР, ДКСК и обвинителството<br>Како се остварува соработката со другите надлежни институции | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија |
| | Почетна | Зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во борбата против корупцијата<br><br>Анализа на ризици на корупција во судството | Антикорупциските политики и антикорупциското законодавство во РС Македонија<br><br>Меѓународни стандарди во борбата против корупцијата и во ревизијата релевантни за работата на ЈО и на судовите<br><br>Ризици од корупција во јавното обвинителство и во судството | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за корупцијата и интегритетот во правосудството |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Почетна | Конфискација на имот и претходни мерки за обезбедување<br>Работата АРО – канцеларија за следење на имот кој потекнува од сторени кривични дела во меѓународни рамки во борбата против корупцијата | Финансиска истрага<br>Што е финансиска истрага<br>Кога се започнува со финансиска истрага<br>Претходните мерки во ЗКП<br>Поврат на имот стекнат со корупција и криминал (assets recovery) и работа на канцеларијата за АРО | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за финансиски истраги и конфискација и Работа со одземен имот и размена (АРО) |
| **Кандидати за судии и јавни обвинители** | Почетна | Финансирање на политички партии и политички кампањи | Анализа на правната регулатива за финансирање на политички партии<br>Анализа на ризици од корупција<br><br>Работата на ДКСК во анализа на финансирањето на политичките партии<br>Работата на ДЗР во анализа на финансирањето на политичките партии<br>Финансирање на политички кампањи: неправилности и корупција<br><br>Структура на извештаите од финансирањето на политичките партии до ДЗР и ДКСК<br>Структура на извештаите од финансирањето на политичките кампањи до ДЗР и ДКСК<br>Откривање на неправилности и корупција во извештаите од организаторите на политички кампањи од страна на ДЗР и ДКСК | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за финансирање на политички партии и изборни кампањи (предлог-материјали види АНЕКС-5) |

**Табела 2: Потреби за обука на јавни обвинители** - Напредна обука заснована на практична примена на законите

| Категорија на слушатели | Потреба од обука | Наслов на обуката | Опис | Постоечка обука | Достапност | Обезбедено од академијата | Потребно дополнување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавни обвинители** | Напредна | Правна регулатива поврзана со конфликт на интереси | Разработка на темата судир на интереси според Закон за спречување на корупцијата<br>Кривичен законик<br>Закон за судовите<br>Закон за јавно обвинителство | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да<br>Да се изготви модул за судир на интереси |
| | Напредна | Откривање и санкционирање на судир на интереси | Работа на случаи на основа на праксата на ДКСК, решени предмети, пракса во јавното обвинителство<br><br>Застапена практична работа и разработка на случаи | минимално | | Екстерно/ДКСК и експерти, јавни обвинители | Да се изготви модул за судир на интереси со анализа на случаи од пракса |
| | Напредна | Закон за заштита на укажувачите | Закон за заштита на укажувачите: имплементација, отворени предмети и заштита на укажувачите<br><br>Третман на укажувачите во постапките во Јавното обвинителство.<br>Улогата на Јавното обвинителство и на судовите во примена на Законот за заштита на укажувачите<br><br>Разликата помеѓу укажувач и информатор<br><br>Застапена практична работа и разработка на случаи | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за заштита на укажувачите<br><br>со анализа на случаи од пракса |
| | Напредна | Работа по ревизорските извештаи во борбата против корупцијата | Постапување по извештаите од ДЗР - Аналитичко читање и анализа на ревизорските извештаи<br>Незаконски дејствија поврзани со корупција кои се откриваат преку извештаите на ДЗР | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија<br><br>со анализа на случаи од пракса |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Случаи и практики на откривање<br>Случаи и практика на постапување<br>Случаи и практика на санкционирање на коруптивно однесување | | | | |
| | Напредна | Буџет и јавни набавки | Објаснување на постапките за планирање на буџет и спроведување на јавните набавки | минимално | Екстерно/ДКСК/експерти од областа на економијата | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија со анализа на случаи од пракса |
| | Напредна | Добри практики за откривање на неправилности и корупција во јавните финансии преку ревизорските извештаи | Анализа на случај/и<br>Научени лекции<br>Комуникација со други институции за добивање и размена на информации | минимално | Екстерно/ДКСК/експерти од областа на економијата | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија |
| | Напредна | Процедури за отворање предмети засновани на неправилности и корупција откриени преку ревизорските извештаи<br><br>Соработка на ЈО со ДЗР и ДКСК | Статистика - Колку предмети се отворени во ДКСК во периодот 2019-2020.<br>Како се води статистиката<br>Дали постои усвоена процедура<br>Колку предмети се отворени во ЈО во 2019 2020<br>Како се остварува Соработка помеѓу ДЗР, ДКСК и обвинителството<br>Како се остварува соработката со другите надлежни институции | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за буџет, јавни финансии и ревизија<br><br>со анализа на случаи од пракса |
| | Напредна | Конфискација на имот и претходни мерки за обезбедување<br>Работата АРО – канцеларија за следење на имот кој потекнува од сторени кривични дела во меѓународни рамки во борбата против корупцијата | Финансиска истрага<br>Што е финансиска истрага<br>Кога се започнува со финансиска истрага<br>Претходните мерки во ЗКП<br>Поврат на имот стекнат со корупција и криминал (assets recovery) и работа на канцеларијата за АРО | минимално | Екстерно/ Јавно обвинителство/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за финансиски истраги и конфискација и Работа со одземен имот и размена (АРО) |
| | Напредна | Финансирање на политички партии и политички кампањи | Анализа на правната регулатива за финансирање на политички партии | минимално | Екстерно/ДКСК | Екстерно/ДКСК и експерти | Да се изготви модул за финансирање на политички партии и изборни кампањи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Анализа на ризици од корупција<br><br>Работата на ДКСК во анализа на финансирањето на политичките партии<br>Работата на ДЗР во анализа на финансирањето на политичките партии<br>Финансирање на политички кампањи: неправилности и корупција<br><br>Структура на извештаите од финансирањето на политичките партии до ДЗР и ДКСК<br>Структура на извештаите од финансирањето на политичките кампањи до ДЗР и ДКСК<br>Откривање на неправилности и корупција во извештаите од организаторите на политички кампањи од страна на ДЗР и ДКСК | | | | |